**Јавно Комунално Претпријатие “ВОДОВОД” н.Илинден**

*ул.”9” бб, н.Илинден*
*жиро с-ка: 300000002856783*
*Комерцијална банка АД Скопје*
*ЕДБ: 4030008037559*

Јавно комунално претпријатие
ВОДОВОД
Бр. 04-72/1
15.03 2022 год.
н.Илинден, Илинден

Врз основа на член 37-н и 37-њ од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ" бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и 275/19), член 6 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија,, бр. 27/2014,199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018), а во согласност со одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.бр.01-230/1 од 26.12.2017 година и Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП ,,Водовод,, н.Илинден бр.01-302/1 од 03.11.2015 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈКП ,,Водовод,, н.Илинден бр.01-246/1 од 28.12.2021 година, Јавното комунално претпријатие ,,Водовод,, н.Илинден објавува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 02/2022

**за пополнување на работно место со унапредување на давател на јавна услуга во Јавното комунално претпријатие ,,Водовод" н.Илинден**

Јавното комунално претпријатие ,,Водовод" н.Илинден објавува интерен оглас за пополнување на работно место со унапредување на давател на јавна услуга на следнава позиција:

1. **Раководител на одделение за бунарски систем, препумпни станици и резервоари** во Стручна служба - Одделение за пумпни станици и резервоари, шифра на работното место **КДР 03 05 А03 027 - 1 (еден) извршител,**

**Општи услови**
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови**
- Ниво на стручни квалификации -Најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен; вид на образование: машинство, електромашинство, градежништво и водостопанство, хемија, биологија;

- Работно искуство: најмалку две години работно искуство во струката, од кои најмалку една години на работно место во јавен сектор, односно најмалку четири години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор;
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

**Општи работни компетенции**

- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Распоред на работно време
-Работни денови од понеделник до петок
-Работни часови неделно 40 часа
-Работно време прва смена од 07:30 часот до 15:30 часот.
Паричен нето износ на основна плата : 34.720,00 денари.

На интерниот оглас може да се пријават сите вработени од претпријатието кои ги исполнуваат општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво согласно Законот за јавните претпријатија и Правилникот за систематизација на работните места во ЈКП ,,Водовод,, н.Илинден бр.01-302/1 од 03.11.2015 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на ЈКП ,,Водовод,, н.Илинден бр.01-246/1 од 28.12.2021 година

Секој заинтересиран кандидат кој ги исполнува горенаведените услови може да ја достави својата пријава (со приложени потребни документи) во затворен коверт на следнава адреса:

Јавно комунално претпријатие ,,Водовод" н.Илинден,
Ул.,,9" б.б. 1041 н.Илинден
(со назнака ,,за интерен оглас број 02/2022)

На ковертот да се наведе бројот на огласот, со напомена: ,,Не отворај".

**Пријавата може да се превземе од веб страницата на ЈКП ,,Водовод" н.Илинден - www.jkpvodovodilinden.com.mk**

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 5 (пет) дена сметано од денот на објавувањето на огласот на интернет страницата на претпријатието (не сметајќи го денот на самото објавување). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот. Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

Ненавремената, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледана.

Сите доставени информации ќе се третираат како строго доверливи.

По селекцијата на пријавите, кандидатите кои имат уредна документација ќе бидат повикани на интервју во просториите на Јавното комунално претпријатие ,,Водовод,, н.Илинден.

Постапката ќе ја спроведе Комисија за селекција за унапредување, формирана од Директорот на Јавното комунално претпријатие "Водовод" н.Илинден

- Контакт тел. 02 2572-671, 02 2573-077,

email: vodovodilinden@jkpvodovodilinden.com.mk

ЈКП ,,Водовод" н.Илинден
В.Д.Директор
Дипл.правник Ивица Трипуновски

Јавно комунално претпријатие ВОДОВОД н. Илинден Илинден